ИСИЕ
ИНСТИТУТ ЗА СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ЕДУКАЦИЈА
INSTITUTE FOR STRATEGIC RESEARCH AND EDUCATION

**Повик број 1/2023 за ангажирање на финансиски офицер (асистент)**

Институтот за стратешки истражувања и едукација (ИСИЕ) од Скопје за потребите на реализација на проектот "Corruption Free Universities in Albania, North Macedonia and Serbia" (Универзитети без корупција во Албанија, Северна Македонија и Србија) кој се спроведува во рамките на SMART BALKANS CIVIL SOCIETY FOR SHARED SOCIETY IN THE WESTERN BALKANS финансиран од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка објавува повик за ангажирање на финансиски офицер/ка.

- За позицијата финансиски офицер/ка се предвидени три работи дена на месечно ниво или вкупно 24 работни часа месечно.
-
- Периодот на ангажман изнесува 20 месеци и ќе биде врз основа на договор за повремени услуги. За овој ангажман е предвиде бруто износ од 150 евра во денарска противвредност на месечно ниво.

Финансискиот офицер/ка ќе биде задолжен за водење на финансиските активности на проектот кои вклучуваат:

- Поддршка при подготовка на финансиско – административни документи за проектно работење;
- Следење и евиденција на буџетски трошоци на грантот;
- Координација со партнерските организации;
- Подготовка на финансиско – административни извештаи;
- Обезбедува усогласеност на трошењата со внатрешните политики и процедури;
- Следење на трошоците во рамки на буџетот на проектот;
- Спроведува и други програмски задачи и задолженија во поглед ан финансиските аспекти на проектот.

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните квалификации:

- Завршено високо образование во соодветната област економија, финансии, сметководство и ревизија. Предност ќе се сметаат завршени магистерски и докторски студии;
- Најмалку 7 години работно искуство;
- Основно познавање на сметководството;
- Одлично познавање и активно работење со Microsoft Office пакетот;
- Одлично познавање и активно користење на деловен англиски јазик (говорен и пишан);

- Познавање и следење на актуелните промени, случувања и законски регулативи во областа на финансиите и сметководството;
- Високо развиени аналитички и комуникациски способности, посветеност, лојалност, доверливост, комуникативни и презентерски вештини, вештини за организирање, капацитет за тимска и независна работа и
- Желба за учење за приватен и професионален раст.

**Начин на аплицирање:**

Кандидатот/ката доставува биографија на електронската адреса isie@mail.org, или на поштенската адрса  Институт за стратешки истражувања и едукација, Бул. АВНОЈ бр.16/1-31 1000 Скопје, или во архивата на Институтот за стратешки истражувања и едукација најдоцна **до 25.1.2023 година (до крајот на денот).**

По завршување на процесот на селекција сите кандидати ќе бидат известени за исходот.

**Ве молиме без телефонски јавувања.**

Скопје, 12.1.2023 година